Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од ------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 46-та седница одржана на 12.02.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3624/1 од 22.07.2019 година оформен по пријавата поднесена на 22.07.2019 година поднесена од -----------------, во која се укажува на сомневање за неправилности преземени со непостапување од страна на овластени службени лица во општината Илинден во врска со донесените Решенија за отстранување на нелегално изградени објекти и тоа Решение со број 09-49/3 од 22.04.2017 година, бр.09-51/3 од 15.05.2017 год. и бр.09-51/5 од 23.05.2017 год. сите донесени од овластениот градежен инспектор на општина Илинден.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3624/1 од 22.072019 година поради тоа што наводите не се потврдени и се неосновни.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3624/1 од 22.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од ----------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за неправилности преземени со непостапување на од страна на овластени службени лица во општина Илинден во врска со донесените Решенија за отстранување на нелегално изградени објекти и тоа Решение со број 09-49/3 од 22.04.2017 година, бр.09-51/3 од 15.05.2017 год. и бр.09-51/5 од 23.05.2017 год. сите донесени од овластениот градежен инспектор на општина Илинден. Државната комисија има сознанија дека Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам упатил Барање со број упп -66 од 26.03.2018 год со кој побарал од општина Илинден - овластен градежен инспектор да постапи по посоченото барање, да ги провери наводите и да се извести подносителот на пријавата.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-740/1 од 31.01.2020 година со кое побара од Градоначалникот на Општина Илинден и овластениот градежен инспектор да се достави целосна информација за тоа дали овластениот градежен инспектор при општина Илинден ја утврдил фактичката состојба во конкретните три случаи поврзани со Решенијата - со број 09-49/3 од 22.04.2017 година, бр.09-51/3 од 15.05.2017 год. и бр.09-51/5 од 23.05.2017 год. и кои конкретни законски мерки ги презел во насока на отстранување на утврдените неправилности.

Од страна на општина Илинден доставен е одговор со број 12-740/2 од 07.02.2020 година во кој се наведува дека на ден 26.04.2017 година било поднесено Барање за увид до Општина Илинден под број 09-51/1 за постапување во врска со бесправно изградени објекти од страна на физичко лице ------------------ (инвеститорот). Од страна на овластениот градежен инспектор било постапено по барањето, било донесени Решение со број 09-51/3 од 15.05.2017 год. со кое инвеститорот бил задолжен да изврши отстранување на бесправно изведена фолија од најлон и Решение со број 09-51/5 од 23.05.2017 год. со кое инвеститорот бил задолжен да изврши отстранување на ограда во должина од 10 метри и на бесправно изграден помошен објект. На ден 06.12.2019 година бил извршен контролен инспекциски надзор кај инвеститорот при што било констатирано дека од негова страна не е постапено по предметните решенија., односно во законскиот рок не извршил отстранување на бесправно поставените/ изведените објекти. На ден 11.12.2019 година бил донесен Заклучок за дозвола за извршување со кој се утврдува извршност на Решението бр. 09-51/3 од 15.05.2017 год и Решението со број 09-51/5 од 23.05.2017 год. со кој е утврден рок за отстранување на бесправно изведените/поставените објеки и се дозволува нивно административно извршување.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата со Барање за прибирање податоци информации со број 12-740/5 од 17.08.2020 година побара од Државниот управен инспекторат во рамките на своите законски надлежности да изврши вонреден инспекциски надзор на спроведувањето на позитивните законските прописи во постапувањето и донесените акти при постапувањето на Градоначалникот и овластениот градежен инспектор во општината Илинден, во постапката поведена по Барањето за постапување во врска со бесправно изградени објекти заведено со број 09-51/1 од 26.04.2017 година поднесено од страна на физичко лице -------------, за периодот од поведување на оваа постапка во општината се до денот на приемот на ова Барање. За резултатите од надзорот да се извести Државната комисија.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Државниот управен инспекторат.

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено Известување со Ип1 бро 10-641 од 06.11.2020 година од Државниот управен инспекторат во кое е наведено дека се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот поради што е донесено Решение со кое се задолжува Градоначалникот на општина Илинден, ---------------- да превеземе мерки и дејствија за отстранување на недостатоците утврдени во Записникот Ип1 број 10-641 од 06.11.2020 година за извршен вонреден инспекциски надзор на општина Илинден односно да се продолжи постапката по предметите со број 09-51/3/2017 и 09-277/2/2019, да се одлучи согласно напаствијата дадени во Решенијата Ип2 бр. 10-460 и 10-461 (двете од 18.06.2020 година) на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, така што ќе се надмине проблемот со немање на овластен градежен инспектор, по свој избор.

Воедно, Државниот управен инспекторат во споменатото Известување наведува дека доколку општината нема овластен градежен инспектор согласно членот 144 од Законот за градење може да предложи Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да ги преземе нејзините надлежности во делот на споменатата постапка.

Имајќи го во предвид Известување со Ип1 бро 10-641 од 06.11.2020 година од Државниот управен инспекторат и дадените задолжненија и препораки до Градоначалникот на општина Илинден, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од општината Илинден да биде известена за тоа дали Градоначалникот на општина Илинден постапил по дадените задолженија односно презел мерки и дејствија за отстранување на недостатоците утврдени во Записникот Ип1 број 10-641 од 06.11.2020 година за извршен вонреден инспекциски надзор на општина Илинден односно да се продолжи постапката по предметите со број 09-51/3/2017 и 09-277/2/2019 односно да се одлучи согласно напаствијата дадени во Решенијата Ип2 бр. 10-460 и 10-461 (двете од 18.06.2020 година) на Државната комисија за одлучување во втор степен од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, или дали предложил Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да ги преземе нејзините надлежности во делот на споменатата постапка.

Во одговорот со број 12-227/2 од 03.02.2021 година општината Илинден по однос на конкретните решенија 09-51/3 од 15.05.2017г. и 09-51/5 од 23.05.2017г. извести дека изготвен е Записник за извршен увид на самото место бр.10-167/2 од 25.01.2021 година од страна на Комисијата за вршење надзор над градби од втора категорија на територија на општина Илинден формирана со решение бр.04-2120/1 од 24.09.2020 година во кој се констатира дека станува збор за место во кое се чува слама и дрва за кои што не се применуваат одредбите на член 73 и член 74 од Законот за градење, и воедно констатира дека во конкретниот случај станува збор за приватно земјиште и нерешени имотно правни односи. Исто така комисијата констатирала дека поранешниот овластен градежен инспектор нецелосно и нестручно го спровел инспекцискиот надзор односно целосно не ја утврдил фактичката состојба на терен и дека во конкретниот случај се работи за приватно земјиште и нерешени имотно правни работи.

Согласно членот 73 од Законот за градење, каде се таксативно утврдени и набројани градбите за кои законот предвидел дека не е потребно одобрение за градење, односно за кои во Законот за градење се предвидува дека се донесува решение, односно конкретните градби воопшто не ги третира под овој член бидејќи од приложените фотографии тие и не можат да се подведат по поимот градби. Разгледувајќи го предметот и приложените фотографии неспорно е дека конкретниот помошен објект наведен во решението не може да биде третиран како помошен објект бидејќи истиот не е функционален објект и градбата воопшто не може да се подведе под поим градба, односно се работи за место во кое се чува слама и дрва а истото важи и за оградата, односно истите не може да се подведат под член 73 и член 74 од Законот за градење.

Во својот одговор општината известува дека земајќи го во предвид фактот што во Законот за градење, конкретните градби не се воопшто споменати како објекти кои подлежат на Законот за градење согласно член 73 и член 74 и за кои не се издава одобрение за градење, овластениот градежен инспектор во конкретниот случај погрешно го толкувал и погрешно го применил материјалното право.

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и добиените одговори од другите надлежни институции, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека надлежните органи постапиле согласно своите законски надлежности, ги презеле сите дејствија утврдени со закон и ја утврдиле фактичката состојба во конкретниот случај, поради што ДКСК заклучи дека неосновани се наводите во пријавата кои се однесуваат на тоа дека надлежните органи непостапиле во конкретниот случај, па оттаму одлучи дека нема елементи нејзино натамошно постапување и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р Ш.С. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
Претседател,
Биљана Ивановска